Macedonian

# Водич за услугите за собирање на отпадот




## Време е за GO!

GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA
WasteSorted
A Waste Authority Program
City of Wanneroo




# Ви ги претставуваме новите канти за отпадоци во нашето маало

Нашиот нов систем со три канти за отпадоци на сите им помага да ги фрлаат отпадоците таму каде што треба. Ја сменивме бојата на капаците на кантите за отпадоци за да има помалку забуни и за да се задоволат австралиските стандарди. Кога ги користиме правилно нашите канти за отпадоци, помагаме скапоцените материјали да не завршат на ѓубриштата и ја заштитуваме нашата животна средина за идните генерации.

## Не сте сигурни во која канта да го фрлите отпадокот?
## Симнете ја апликацијата Recycle Right!

Апликацијата Recycle Right е едноставен и погоден начин да дознаете во која канта треба да го фрлите отпадокот. Таа содржи:

- Which Bin (Во која канта) – дознајте само со едно погледнување кои предмети во кои канти се фрлаат, а исто така и што не се фрла таму и кои се правилните начини за фрлање.
- Список од А до Ш на специфичните предмети во кој ви се кажува како треба правилно да ги фрлите.
- Find My Nearest (Најди го најблискиот) – ви овозможува да го најдете вашиот најблизок центар за отпадоци за преработка или место каде што се остава отпадот во градското подрачје на Перт и ви дава упатства како да стигнете до таму за да фрлите предмети како што се батерии, акумулатори, автомобилски делови, опасен отпад од домаќинствата и друго.




App Store за тие што користат iOS

Google Play Store за тие што користат Android

recycle right

recycleright.wa.gov.au

# На секоја улица има GREAT (СУПЕР) сортирачи на отпадот кои ставаат 60% помалку отпадоци во своите канти за ѓубре.




## Здраво, јас сум „G“!

Многу сакам да им наоѓам нови домови на предметите што се премногу добри за да завршат на ѓубриштето. Им подарувам работи на добротворните продавници, на моите пријатели и соседи. Продавам работи преку Интернет и членувам во локалната група на социјалните мрежи што се вика „Не купувај ништо“.




## Здраво, јас сум „R“!

Јас сум многу паметен. Знам дека во кантата за отпадоци за преработка со жолт капак ги фрламе само следните 5 работи – конзерви, хартија, картон, стаклени и пластични шишиња и садови. Притоа секогаш водам сметка картоните да бидат сплескани, а на садовите им ги вадам капаците и претходно ги плакнам со вода.




## Здраво, јас сум „E“!

Знам дека отпадоците од храна и од градината може да се преработат во одличен компост. Дома имам канта за правење компост за да ја прихранувам нашата градина и им помагам на нашите соседи да им дадат втора шанса на остатоците од храна преку програмата за споделување на отпадоци ShareWaste.




## Здраво, јас сум „A“!

Најдобриот начин да го намалите вашиот отпад е, пред сè, да избегнувате да го создавате! Јас одбивам да користам чаши за еднократна употреба, најлонски фолии што не се неопходни и најлонски ќесиња! Исто така се придржувам кон списокот за пазарување за да избегнам да купувам повеќе храна отколку што ни е потребна.




## Здраво, јас сум „T“!

Отпад не е само тоа што го фрламе во кантите за отпадоци во нашиот дом. Никогаш не заборавам да ги ставам проблематичните отпадоци во кутија и да ги однесам во специјалните места каде што се оставаат.

## Бидете СУПЕР сортирачи на отпадот!

На градските ѓубришта треба да оди само тоа што веќе не може да се користи на никаков друг начин.

ПЛАСТИКА




# КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ ЗА ПРЕРАБОТКА




## Пластични шишиња и садови



Пластични кутии во кои се продаваат градинарските производи



Чашки од јогурт



Шишиња од сосови



Кутии од сладолед



Шишиња од пијалаци



Садови во кои се пакува храната од продавниците за готова храна



Шишенца од производи за лична хигиена



Шишиња од производи за перење алишта




Ние во Перт ги вадиме капаците од садовите и нив ги фрламе во кантата за ѓубре.






# КАНТА ЗА ЃУБРЕ




## Мека пластика, таква што може „да се стутка“



Најлонски обвивки



Мали ќесенца



Најлонски ќесиња



Многу луѓе меката пластика ја носат во локалната продавница за да биде преработена.

Погледнете на Интернет **redcycle.net.au** за повеќе информации

## Други видови пластика од домаќинствата



Ние на нашата улица го штедиме просторот во кантата за отпадоци така што стиропорот го носиме во центар за оставање заради натамошна преработка.



Стиропор



Општи пластични предмети од домаќинството



Предмети за еднократна употреба од продавниците за готова храна

Многу луѓе избегнуваат да користат предмети за еднократна употреба и ги заменуваат со други, поодржливи и што може да се преработуваат.



ПЛАСТИКА

ХАРТИЈА И КАРТОН

# КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ ЗА ПРЕРАБОТКА



Картонски кутии од јајца



Картонски туби



Кутии



Хартија за пишување



Картонски кутии од течности



Пликови



Весници и списанија




Со сплескување на картоните се заштедува простор и се избегнува отпадоците да се заглават во кантата.

# КАНТА ЗА ЃУБРЕ



Картонски кутии што се обложени со фолија



Чаши од продавници за готова храна



Сечкана хартија




Валкана хартија и картонски опаковки



Хартиени шамичиња и хартиени бришачи




Сечканата хартија и хартиените бришачи ги собирам и ги ставам во кантата за компостирање што ја имам дома.




# КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ ЗА ПРЕРАБОТКА



Конзерви



Метални капачиња



**Алуминиумска фолија**
***стуткана во топка со пречник од 5 сантиметри***




Соодветните празни садови од пијалаци ги носиме во нашиот локален центар за враќање за да добиеме назад 10 центи. Тие пари ги делиме со училиштата, добротворните организации и клубови.




# ЦЕНТАР ЗА ОСТАВАЊЕ ОТПАД

**wanneroo.wa.gov.au/recycleright**

## Конзерви во кои имало опасни работи



**Шишиња за распрснување течности**




**Боја**

**Погледнете на страница 13 за другите видови опасен отпад**

**МЕТАЛ**




## КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ ЗА ПРЕРАБОТКА






**Шишиња и тегли**



**Чаши за пиење**



Помагаме при преработката така што ги плакнеме предметите за да нема во нив остатоци од храна.




## ЦЕНТАР ЗА ОСТАВАЊЕ ОТПАД

**wanneroo.wa.gov.au/recycleright**

### Друго стакло од домаќинството



**Аквариуми за риби**



**Огледала**



**Стаклени маси**

Има многу начини да ги подарите предметите и да израдувате некого. Може да ги оставите предметите во центрите за оставање отпад, да им ги подарите на соседите, да ги размените или да ги продадете.






# КАНТА ЗА ЃУБРЕ



ХРАНА

## Органски отпадоци од храна



Месо



Млечни производи



Отпадоци од овошје и зеленчук



Ориз и жита



Многу луѓе ги преработуваат отпадоците од храна во своите домови. Има многу начини – преку фарми со црви, преку канти за компостирање, преку кокошарници, преку бокаши компостирање или преку давање на некој сосед што прави компост. Лесно е да избегнете да ја фрлате храната во кантата за ѓубре. Дознајте каква корист имаат од тоа жителите на општина Вонару на местото на Интернет **switchyourthinking.com.au**




# КАНТА ЗА ЃУБРЕ



ПРЕДМЕТИ ЗА ЛИЧНА ХИГИЕНА



Производи за нега на устата и забите



Самолепливи фластери



Пелени и хигиенски влошки за еднократна употреба

# ГРАДИНСКИ ОТПАД




## КАНТА ЗА ЃУБРЕ





Измет од животни и од домашни миленици



Градинарски алат



Производи за подобрување на почвата



Саксии за цвеќиња



Црева за полевање *исечени на парчиња од по еден метар*



Постилки на кои лежат животни

# ОТПАДОЦИ ОД ГРАДЕЖНИ РАБОТИ И ОД УРИВАЊЕ




## ЦЕНТАР ЗА ОСТАВАЊЕ ОТПАД

**wanneroo.wa.gov.au/recycleright**





Тули



Песок и шут



Дворни огради

Градежниот отпад налага посебен начин на фрлање – посетете го местото на Интернет **wanneroo.wa.gov.au/recycleright** за да видите кои можности ви стојат на располагање.



Азбест




# КАНТА ЗА ОРГАНСКИ ОТПАДОЦИ ОД ГРАДИНАТА (GO)



**Ситни гранки**

***Долги најмногу до 100 сантиметри***

***Дебели најмногу до 6 сантиметри***



Зачувајте ги поголемите искастрени гранки за годишното собирање на крупен зелен отпад од пред вашиот дом. Исто така може да ги користите и купоните за да го однесете зелениот отпад во популарниот центар за преработка на зелен отпад **Wangara Greens Recycling Facility, 70 Motivation Drive, Wangara**.



**Во вашата канта за зелен отпад (GO) не фрлајте најлонски ќесиња**



**Лисја**



**Гранчиња и прачки**



**Отпад од кастрење**



**Окосена трева и плевели**

**Немате канта за зелен отпад (GO)? Ставете ги органските отпадоци од вашата градина во кантата за ѓубре.**






# КАНТА ЗА ЃУБРЕ





**Постелнина и чаршави**




Ние во општина Вонару ги подаруваме, разменуваме и продаваме предметите од домаќинството. Ќе израдувате некого и ќе избегнете тие предмети да завршат на градското ѓубриште.



**Стара облека и текстил**



# ГОДИШНО СОБИРАЊЕ НА КРУПЕН ОТПАД

**Општината обезбедува годишно собирање на крупен отпад од пред домовите. Отпадот треба да го оставите пред куќата не порано од една недела пред денот кога е закажано собирањето. Ве молиме проверете на кој датум ќе се собира отпадот така што ќе го посетите местото на Интернет wanneroo.wa.gov.au/bulkwaste. Екипите за собирање нема да се вратат ако го пропуштите денот кога се собира отпадот.**



**Душеци**



**Мебел**



**Крупен отпад од домаќинството**



**Бела техника**

**Изнесете го отпадот и ставете го уредно пред вашиот дом, притоа оставајќи простор за машините што ќе го собираат отпадот.**




# ЦЕНТАР ЗА ОСТАВАЊЕ ОТПАД

**wanneroo.wa.gov.au/recycleright**

ПРОБЛЕМАТИЧЕН ОТПАД



Електронски отпад (е-отпад)



Мобилни телефони и придружна опрема




Акумулатори за возила



Моторно масло



Автомобилски гуми



Лекови



Многу луѓе се трудат да ги зачуваат нашата околина и нашата заедница безбедни така што ваквиот отпад го носат во својот најблизок центар за оставање.




# ЦЕНТАР ЗА ОСТАВАЊЕ ОТПАД

**wanneroo.wa.gov.au/recycleright**

ОПАСЕН ОТПАД ОД ДОМАЌИНСТВАТА



Електрични светилки



Батерии од домаќинството



Апарати за откривање чад



Сигнални светилки



Боци за гас



Противпожарни апарати

Киселини, алкални материи и други хемикалии од домаќинството





# ПРАВИЛА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

## Како да ги изнесувате вашите канти кога треба да бидат испразнети

Изнесете ги кантите надвор до 6 часот претпладне на денот кога се собира отпадот

Најголемата дозволена тежина за секоја канта е 70 килограми

Не паркирајте пред кантите и немојте да ги попречувате тесните улици

**Вратете ја вашата канта на местото каде што ја чувате внатре во вашиот имот веднаш кога ќе можете откако ќе биде испразнета.**




Оставете ја кантата најмалку на 1 метар оддалеченост од дрвјата и притоа внимавајте да не биде поставена под крошната на дрвото.

Оставете најмалку 1 метар растојание меѓу кантите

Оставете најмалку 1 метар растојание од возила, поштенски сандачиња, огради, итн.

## Како да го изнесувате вашиот крупен отпад кога треба да биде собран



**Оставете го отпадот уредно покрај работ на улицата пред вашиот дом, притоа оставајќи простор за да можат машините да ги соберат материјалите**

- Не оставајте го отпадот на тротоарите, на тесните улици и на автомобилските приоди до куќите. Ако вашиот имот се наоѓа на тесна улица, ве молиме оставете го крупниот отпад на некое од паркинг местата за гости пред вашиот дом.
- Ве молиме оставете го отпадот најмалку на еден метар растојание од огради, ѕидови, дрвја, поштенски сандачиња, јавни објекти, струјомери, водомери и прскалки за да се избегне нивно оштетување.
- Не оставајте ги предметите на светло обоени плочници и на вештачка трева. За да избегнеме возилата да остават траги или да нанесат штета, не можеме да ги собереме материјалите оставени на такви површини.
- Ако не сте сигурни каде да го поставите вашиот отпад за да биде собран, јавете се во Општината на 9405 5000.

# НЕДОЗВОЛЕНО ФРЛАЊЕ ОТПАДОЦИ И КРУПЕН ОТПАД

Ние во општина Вонару ја сакаме земјата на која живееме. Може да помогнете таа земја да се зачува чиста така што ќе го пријавите незаконското фрлање отпад:

- Кај Општинските ренџери (City's Rangers) на **9405 5000** или на **1300 138 393** вон работното време
- На дежурната телефонска линија за незаконско фрлање отпад при Одделот за водостопанство и животна средина (Department of Water and Environmental Regulation) **1300 784 782**
- Во Програмата за пријавување незаконско фрлање отпад „Да ја зачуваме Австралија прекрасна" (Keep Australia Beautiful Litter Reporter Scheme) во случај кога треба да пријавите фрлање отпад од возило во движење **kabc.wa.gov.au/report-littering**

Сакате ли да помогнете да се исчисти некое место во вашата околина? Многубројни жители се пријавуваат доброволно во програмата „Посвојте место" (Adopt- a-Spot). Пријавете се уште денес на местото на Интернет **wanneroo.wa.gov.au/adopt-a-spot**

City of Wanneroo

23 Dundebar Road, Wanneroo, WA 6065

Locked Bag 1, Wanneroo, WA 6946

Тел. (08) 9405 5000
Вон работното време 1300 13 83 93
Електронска пошта: enquiries@wanneroo.wa.gov.au

wanneroo.wa.gov.au

Овој документ е преведен на поголем број јазици. Ве молиме посетете го местото на Интернет wanneroo.wa.gov.au/talkingmylanguage за повеќе информации

processgreen™
environmentally sustainable printing
За печатење на овој материјал е користена еколошки чиста електрична енергија и тој е печатен според највисоките меѓународни еколошки стандарди.

СТАВЕТЕ МЕ ЗА ПРЕРАБОТКА
во вашата канта за отпадоци за преработка со жолт капак.

# ВОДИЧ ЗА ДА СЕ ПОТСЕТИТЕ НАБРЗИНА




## Канта за отпадоци за преработка

- ✓ Алуминиумски и челични конзерви
- ✓ Стаклени шишиња и тегли
- ✓ Пластични шишиња и садови
- ✓ Чист картон (сплескан)
- ✓ Хартија (несечкана)




## Канта за органски отпадоци од градината (GO)

- ✓ Окосена трева
- ✓ Лисја/цвеќиња
- ✓ Отпадоци од кастрење и мали гранки
- ✓ Плевел, гранчиња и прачки




## Канта за ѓубре

- ✓ Отпадоци од храна
- ✓ Алишта што не може да се поправат
- ✓ Пелени/хигиенски влошки
- ✓ Сечкана/валкана хартија
- ✓ Валкан картон (сплескан)
- ✓ Измет од животни и од домашни миленици





## Собирање крупен отпад од работ на улицата

Душеци

Шпорети и друга бела техника (најмногу до 1,5 метар должина)

Мебел и други големи предмети од домаќинството

Челичен отпад



## Собирање на поголеми количини градински отпад од работ на улицата

Неврзани гранки од кастрење на дрвја и грмушки (најмногу до 1,5 метар должина и пречник до 300 милиметри)



## Центри за оставање отпад со кои управуваат локалните власти

**Wangara Greens Recycling Facility**
(отворено во викендите и во деновите на државни празници)
70 Motivation Drive, Wangara
Тел. : 9405 5000

**Tamala Park**
1700 Marmion Avenue, Mindarie
Тел. : 9306 6303

**Recycling Centre Balcatta**
238 Balcatta Road, Balcatta
Тел.: 9205 8555



**Повеќето луѓе ги носат следниве работи во центрите за оставање отпад. Проверете што се прифаќа во секој од центрите ако го посетите местото на Интернет wanneroo.wa.gov.au/recycleright**

- Шишиња од распрснувачи
- Боја
- Светилки
- Хемикалии
- Боци за гас
- Противпожарни апарати
- Лекови
- Акумулатори
- Моторно масло
- Автомобилски гуми
- Мобилни телефони
- Електронски отпад (е-отпад)
- Градежен отпад
- Азбест